**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11-02-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 805 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на весниците „Дневник", „Вест", „Утрински весник" и „Македонски спорт" и на магазините „GTA", „Теа модерна", „Направи сам" и „Играј", Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија", Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат", Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер", Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха", Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал", Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус", Друштво за новинско издавачка дејност ПРВА РЕПУБЛИКА ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Република", Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО, издавач на весникот „Битолски весник", Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Убавина и здравје", „Испрати рецепт", „Торти и колачи", „Бабина кујна" и „Лековити билки", Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique" и „Auto Focus", Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „Авто плус", Друштво за издаваштво и информативна дејност од областа на земјоделството и руралниот развој ФФРМ МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Моја земја", Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм", Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис", Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Заман" и магазинот „Заман шќип", Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет", Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЛИБРО ЛИБЕРО ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Коза ностра" и Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино", и тоа:

**2.1.** изданијата од 8 февруари 2016 година на дневните весници „Дневник" бр.5983, „Вест" бр.4688, „Утрински весник" бр.5001, „Македонски спорт" бр.5354, „Нова Македонија" бр.23680, „Слободен печат" бр.685, „Вечер" бр.16077 и „Коха" бр.2704;

**2.2.** изданието од 6-8 февруари 2016 година на дневниот весник „Лајм“ бр.3039;

**2.3.** изданијата од 5 февруари 2016 година на неделните весници „Капитал“ бр.849, „Фокус“ бр.1061 и „Република“ бр.179;

**2.4.** изданието од 3 февруари 2016 година на неделниот весник „Битолски весник“ бр.2644;

**2.5.** изданието од 2-8 февруари 2016 година на неделниот весник „Заман“ бр.1021;

**2.6.** изданието од 28 јануари 2016 година на неделниот магазин „Коза ностра“ бр.12;

**2.7.** изданието од 3 февруари 2016 година на неделниот магазин „Теа модерна“ бр.797;

**2.8.** изданијата за месец јануари 2016 година на магазините „Направи сам“ бр.17 и „Auto focus“ бр.100;

**2.9.** изданијата за месец февруари 2016 година на магазините „GTA“ бр.60, „Играј“ бр.19, „Убавина и здравје“ бр.93, „Испрати рецепт“ бр.61, „Бабина кујна“ бр.11, „Лековити билки“ бр.10, „Unique“ бр.74, „Економија и бизнис“ бр.212, „Заман шќип“ бр.122 , „Портрет“ бр.3 и „Храна и вино“ бр.137;

**2.10.** изданијата за декември 2015-јануари 2016 година на магазините „Торти и колачи“ бр.23 и „Авто плус“ бр.257 и

**2.11.** изданието за ноември/декември 2015 година на магазинот „Моја земја“ бр.119.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 9-ти февруари 2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Констатации од надзорот:**

**5.1.** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми е **во целост исполнета** кај 29 печатени медиуми, и тоа кај: изданијата од 8 февруари 2016 година на дневните весници „Дневник“ бр.5983, „Вест“ бр.4688, „Утрински весник“ бр.5001, „Македонски спорт“ бр.5354, „Нова Македонија“ бр.23680, „Слободен печат“ бр.685, „Вечер“ бр.16077 и „Коха“ бр.2704, изданието од 6-8 февруари 2016 година на дневниот весник „Лајм“ бр.3039, изданијата од 5 февруари 2016 година на неделните весници „Капитал“ бр.849, „Фокус“ бр.1061 и „Република“ бр.179, изданието од 2-8 февруари 2016 година на неделниот весник „Заман“ бр.1021, изданието од 28 јануари 2016 година на неделниот магазин „Коза ностра“ бр.12, изданието од 3 февруари 2016 година на неделниот магазин „Теа модерна“ бр.797, изданијата за месец јануари 2016 година на магазините „Направи сам“ бр.17 и „Auto focus“ бр.100, изданијата за месец февруари 2016 година на магазините „Играј“ бр.19,

„Убавина и здравје“ бр.93, „Испрати рецепт“ бр.61, „Бабина кујна“ бр.11, „Лековити билки“ бр.10, „Unique“ бр.74, „Заман шќип“ бр.122, „Портрет“ бр.3 и „Храна и вино“ бр.137, изданијата за декември 2015-јануари 2016 година на магазините „Торти и колачи“ бр.23 и „Авто плус“ бр.257 и изданието за ноември/декември 2015 година на магазинот „Моја земја“ бр.119.

**5.2.** Во следните три печатени медиуми обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми е **самo делумно исполнета**:

| Печатен медиум | Издавач на печатен медиум | назив и адреса на седиштето на издавачот на медиум | адреса на седиштето на уредништвото | име на одговорното лице на издавачот на медиум | име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото | назив на печатницата | адреса на печатницата | датум на печатење или препечатување | број на печатени примероци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| „GTA“ | Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | √ | X | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| „Битолски весник“ | Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО | √ | X | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| „Економија и бизнис“ | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје | нема адреса | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

Предлог – мерките за издавачите на печатените медиуми кои не ја исполнија во целост обврската се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

**5.3. Следните печатени медиуми се евидентирани во Регистарот на издавачи на печатени медиуми, но не беа опфатени со овој надзор поради тоа што:**

- За време на вршењето на овој административен надзор не беа издадени нови броеви на магазините „Спорт бокс“ и „Теа кидс“, а на постоечките Агенцијата претходно изврши надзор, и тоа на изданието бр.8 на магазинот „Спорт бокс“ изврши редовен надзор на 14 октомври 2015 година, а на изданието бр.4 на магазинот „Теа кидс“ изврши вонреден надзор на 5 ноември 2015 година.

- На 05.02.2016 година, Друштвото за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје телефонски ја извести Агенцијата дека последниот број на магазинот „Мајка и бебе“(бр.28) е издаден во јуни 2015 година, а на магазинот „Живот на дланка“ (бр.45) во мај 2015 година. На овие изданија Агенцијата изврши надзор во 2015 година, и тоа на магазинот „Мајка и бебе“ бр.28 изврши редовен надзор на 10 август 2015 година, а на магазинот „Живот на дланка“ бр.45 изврши контролен надзор на 9 јуни 2015 година. Во телефонскиот разговор, од Друштвото за трговија

и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје кажаа дека ќе ја известат Агенцијата за периодот кога ќе бидат издадени следните броеви од овие печатени медиуми.

- На 05.02.2016 година, Друштвото за развој на научно-техничка култура ЕМИТЕР ДОО Скопје, издавач на магазинот „Емитер“, телефонски ја извести Агенцијата дека не може со сигурност да каже дали и кога ќе биде издаден нов број од овој магазин. Последниот број од магазинот (бр.195) е за јануари/февруари 2015 година, на којшто Агенцијата спроведе контролен административен надзор на 13 март 2015 година.

- На 05.02.2016 година, Трговското друштво за трговија и услуги ИД АНА ДООЕЛ увоз-извоз Охрид, издавач на магазинот „Магазин ИН“, телефонски ја извести Агенцијата дека во 2015 и во 2016 година не е издаден ниту еден број од овој магазин.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***